Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 100, 15 април 2013 година

април 2013 година
Штип

# С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звањето асистент за научната област деловно право на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип............................ 5

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област меѓународна економија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........................................................................................................................16

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област економска теорија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........................................................................................................................25

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за научната област хирургија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ......................35

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за научната област неврологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ......................38

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за научната област радиологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ......................40

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник-помлад асистент од научното подрачје технички науки (електронска микроанализа) на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..................................................42

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звањето доцент за наставно-научната област процесирање на податоци и информациски системи и програмирање на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.............................45

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање асистент за научната област применета математика и математичко моделирање на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ......................................................................................54

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Методологија на педагошко истражување со статистика – скрипта“ од авторката д-р Снежана Јованова-Митковска, доцент на Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ....59

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Методологија на педагошко истражување со статистика“ - практикум од авторката д-р Снежана Јованова-Митковска, доцент на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ....64

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Фармакологија за стоматолози, општ дел“ од авторите доц. д-р Трајан Балканов и проф. д-р Срѓан Пешиќ, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ....68

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Фармакологија за стоматолози, специјален дел“ од авторите доц. д-р Трајан Балканов и проф. д-р Срѓан Пешиќ, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ....70

**РЕЦЕНЗИЈА** на „Практикум по интелигентни системи’’ од авторите вон. проф. д-р Цвета Мартиновска и пом. асс. м-р Доне Стојанов, Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ....72

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Претприемништво“ (скрипта) од авторот д-р Елизабета Митрева, Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ....74

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот„Практикум по органска хемија за технолози“ од авторот доцент д-р Киро Мојсов, Технолошко-технички факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ....77

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Инвестициско банкарство“ (скрипта) од авторот д-р Љупчо Давчев, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ....79

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Практикум по информатика“ од авторите д-р Зоран Здравев, м-р Ѓорѓи Димов, м-р Силвана Жежова и м-р Владан Андоновиќ ....83

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ....85

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „ПРЕТПРИЕМНИШТВО“ (СКРИПТА) ОД АВТОРОТ Д-Р ЕЛИЗАБЕТА МИТРЕВА, ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“- ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ -Штип, како и Одлуката бр.2602-192/4 од 91. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика, одржана на 11.3.2013 година, избрани сме за рецензенти за изготвување извештај, рецензија на приложениот ракопис „Претприемништво“ од доц. д-р Елизабета Митрева, наменет за студентите од прв циклус студии на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“- Штип.

По прегледот на ракописот, до Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика го поднесуваме следниот

## И З В Е Ш Т А Ј

Скриптата **„ПРЕТПРИЕМНИШТВО“** е наменета главно за студентите од Факултетот за туризам и бизнис логистика. Предметот се изучува во прв семестар, во прва година и ја покрива наставната материја со оптовареност 2 (два) часа неделно т.е. 24 (дваесет и четири) часа по семестар.

Податоци за обем на ракописот. Проблематиката што е предмет на обработка е претставена во текст од вкупно 156 страници, од кои на 152 страници е претставен основниот текст, на 4 страници се поместени 77 релевантни библиографски единици, од монографски единици, периодични списанија, статии, извештаи и интернет страници, во најголем дел странска литература што ги покрива подрачјата што се третирани во трудот. За полесно совладување на изнесената проблематика авторот дава шеми (17) за сѐ што може на сликовит начин да се претстави со цел полесно да се разбере и запамети од страна на читателот.

Обемот на трудот и неговата содржина ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

Податоци за постоење на сличен или ист наслов. Скриптата е напишана на оригинален начин и во неа е поместена проблематиката од областа на претприемништвото. Јазикот на кој е напишана скриптата е јасен и разбирлив, а дефинициите на поимите во неа се технички прецизни.

***Краток опис на содржината***

Скриптата „Претприемништво“ се состои од четиринаесет тематски целини: 1. Историски  и компаративен развој на претприемништвото; 2. Полова перспектива и потребата од доживотно учење; 3. Чекори во претприемнички бизнис; 4. Раководни стилови во претприемачка компанија; 5. Водење бизнис и градење траен успех; 6. Животен век на претприемачки производ; 7. Ресурси во претприемништвото; 8. Одлука за започнување со бизнис; 9. Бизнис планот како претприемачки инструмент; 10. Финансирање на бизнисот; 11. Правна форма на претприемачки бизнис; 12. Заштита на претприемачките идеи; 13. Културни фактори во претприемничкиот бизнис; 14. Фактори на успех на претприемачки бизнис.

Пред да ги истакнеме нашите оценки за трудот, како и предлогот, најнапред во скратена форма ќе ја презентираме неговата содржина.

Во првото поглавје од скриптата е опфатено значењето и улогата на претприемништвото во светската економија. Исто така, во поглавјето се објаснети претприемништвото, технологијата и иновациите во новите услови на стопанисување. Во пазарно развиените

економии во светот посебно внимание се посветува на претприемништвото како општествено иновативно однесување.

Во второто поглавје авторот дава анализа за местото и улогата на жената во претприемничкиот бизнис како и однесувањето на мажите и жените во светот на бизнисот. Во ова поглавје е нагласена потребата од инвестирање во знаење како предуслов за одржување на конкурентска предност на пазарот.

Во третото поглавје авторот се осврнува на етапите од развој на претприемнички бизнис минувајќи од стадиумот на развој, преку стадиумот на зреење до стадиумот на стареење на претприемачкиот бизнис. Во оваа поглавје се разработуваат моделите за одбегнување на препреките и замките во животниот циклус, како и претприемачките шанси и мотивација.

На проблематиката поврзана со раководните стилови во претприемачка компанија авторот го посветил четвртото поглавје во скриптата, каде што нагласува дека некои стилови постепено се напуштаат, а некои се воведуваат, со цел претпријатието да постигне конкурентска предност на пазарот и одржлив развој.

Во петтото поглавје од скриптата авторот го посветил на иновативноста како процес на креативна деструкција што ќе доведе до нови производи и услуги, како и нови компании и пазари. Во ова поглавје авторот ги дава чекорите во процесот на развој на нов претприемачки производ од идеја, дефинирање на дизајнот до постпродажна поддршка.

Во шестото поглавје авторот го насочува фокусот на вниманието кон градење стратегии за стекнување конкурентска предност на пазарот преку развивање производ/ услуга со супериорна вредност за неговите клиенти.

Значајно внимание за интелектуалниот капитал авторот посветил во седмото поглавје, каде што ги разработува прашањата за улогата на интелектуалниот капитал како предуслов за градење претприемачки бизнис и негова конкурентска предност. Овде посебно место зазема менаџментот со претприемачките тимови и континуираното инвестирање во нив. Понатаму во поглавјето се опфатени модели и фази во формирањето претприемачки тимови зависно од деловните процеси и пресретнување на желбите и барањата на купувачите.

Дилемата дали да се основа сопствен претприемачки бизнис или да се купи постојно претпријатие, авторот ја разработува во осмото поглавје каде што се осврнува на основните начела да се осноива сопствена компанија, но и можностите да се купи постојно претпријатие или да се работи под франшизинг.

Во деветтото поглавје авторот го разработува бизнис планот како претприемачки инструмент преку планирање на активностите во претприемачко претпријатие и потребата од изработка на бизнис план. Понатаму во поглавјето се опфатени елементите на бизнис планот и неговата подготовка зависно од потребите на бизнисот.

Прашањата за можности за добивање средства или наоѓање извори на финансирање на претприемачки бизнис се содржани во десеттото поглавје од скриптата. Во него се разработени долгорочното и краткорочното финансирање на претприемачки бизнис и како да се дојде до финансии преку земање опрема на лизинг.

Основните форми на организирање на претприемачки претпријатија се обработени во единаесесеттото поглавје, а значајно место е посветено на почетниот капитал и финансиските планови.

Заштита на претприемачки идеи и интелектуалната сопственост се содржани во дванаесеттото поглавје од скриптата. Покрај можноста претприемачот да ја направи својата идеја во марка на производот, одржливиот развој и препознатливоста на пазарот се исто така значајна моторна сила за секоја претприемачка компанија.

Културните фактори во претприемничкиот бизнис се опфатени во тринаесеттото поглавје, каде што се разработуваат најважните прашања за етиката и општествена одговорност на еден претприемачки бизнис. Во ракописот е дадена методологија за развој на програмата за корпоративна етика која ќе им помогне на претприемачите во градење етички норми и вредности спрема вработените, деловните партнери, купувачите, коминтетите и заедницата.

Во последното четиринаесетто поглавје се дадени факторите на успех на претприемачкиот бизнис со препораки до претприемачите да совладаат дел од предложените вештини и техники кои ќе им помогнат во менаџментот на истиот.

## З А К Л У Ч О К

Врз основа на изложеното може да се заклучи дека предложениот ракопис за интерна рецензирана скрипта по предметот Претприемништво е сосема во согласност со Студиската програма и Наставниот план на Факултетот за туризам и бизнис логистика. Скриптата од педагошки и научен аспект го поседува потребното ниво соодветно за студентите на прв циклус студии.

Според наши сознанија, ваква скрипта, која по обемот и содржината, на оригинален начин, разработува примери, прашања и нуди решенија, а која одговара на предвидената наставна програма по предметот Претприемништво на Факултетот за туризам и бизнис логистика „Гоце Делчев“ во Штип не е објавена.

Согласно со ова, на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип со задоволство му ја препорачуваме скриптата „Претприемништво“ **од авторот д-р Елизабета Митрева да ја прифати како ИНТЕРНА (РЕЦЕНЗИРАНА) СКРИПТА.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Марија Ацковска, вонреден професор,**
**Економски институт, Скопје**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, с.р.**
**Д-р Неда Петроска-Ангеловска, вонреден професор,**
**Економски институт, Скопје**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, с.р.**